МКД
СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 19 Година XVIII

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, ноември 2024

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2024 година во Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2024 година во Општина Карпош - Скопје, донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/1** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум:15.11.2024 година** — **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** — **Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 32 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22);член 20а и член 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20); член 190, 191, 192, 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06), Советот на Општина Карпош, на 56. седница одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2024 година во Општина Карпош-Скопје

1. Се дава согласност за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2024 година во Општина Карпош - Скопје, бр.04-6637/10 од 14.11.2024 година.

2. Средстава за реализација за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2024 година во Општина Карпош се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 09-7860/6**
**Датум 14.11.2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

1. Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, донесена на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/2**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 и член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002“ и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), а во врска со член 33 од Законот за Буџети (Службен весник на РМ бр. 64/2005,/2008, 103/08, 156/09, 95/10,181/11,171/12 192/15 и 167/16), Службен весник на Република Северна Македонија бр. 244/19,53/21,77/21, 151/21 и 173/22), Советот на општина Карпош на 56. седница одржана на 14 ноември 2024 година донесе

## ОДЛУКА
## за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2024 година на следниов начин:

| Потпрограма<br>Потставка | БУЏЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЕОО ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 426210 Расходи за репрезентација | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ЕАО КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА** | | | | | |
| 480140 Купување на информ. опрема | - 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ГД ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ** | | | | | |
| 464990 Други трансфери | - 2.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Н1 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 424210 Одржување на згради | -4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ФАО УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)** | | | | | |
| 485420 Надомест за одземен имот | 16.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 482920 Изградба на други објекти | -3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ј6 ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКЛНИ ПАТИШТА | | | | | |
| 424320 Одржување на улици и пат | -1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| ЈД ИЗГРАДБА И РКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА | | | | | |
| 482130 Реконст. На улици и патишта | -3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година.

Број 09-7860/7
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година**

1. Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, донесена на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/3**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 32 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 34 од Законот за Буџети („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2005,4/2008, 103/08, 156/09, 95/10,180/11,171/12 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19,53/21,77/21, 151/21 и 173/22), Советот на општина Карпош на 56. седница одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

# ОДЛУКА
## за проширување на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на општина Карпош за 2024 година на следниов начин:

Се зголемуваат приходите на следниве потставки

Потпрограма

| Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **А00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 741120 Блок дотации | 0 | 3.447.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **3.447.000** | **0** | **0** |

и се распоредуваат на следните расходни потставки

Потпрограма

| Потставка | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Н10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 401130 Основни плати | 0 | 2.000.000 | 0 | 0 |
| 401310 Персонален данок | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 0 | 500.000 | 0 | 0 |
| 402210 Основни придонеси за здравство | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 404150 Други надоместоци | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 421 210 Централно греење | 0 | 347.000 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **3.447.000** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2024 година.

Број 09-7860/8
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/2024), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Службена белешка за не усвојување Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**

1.Се објавува Службена белешка за не усвојување за не усвојување Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, донесена од Претседателот на Совет на Општина Карпош по одржувањето на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/4**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), а во врска со усвоената предлог - точка на дневниот ред за работа на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, Претседателот на Советот на Општина Карпош, по одржувањето на педесет и шесттата седница на 14 ноември 2024 година, донесе

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената точка од усвоениот Дневен ред за работа на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, Предлог - Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ СкопјеНЕ Е УСВОЕНА.

2. По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 11 членови на Советот, 2 членови на Советот гласале ПРОТИВ, 4 членови на Советот гласале ВОЗДРЖАНИ, врз основа на што е констатирано дека не е усвоена Предлог - Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

**Број 09-7860/9**
**Датум 14.11.2024 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов , с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување План на програми за равој на Општина Карпош за 2025 година**

1. Се објавува План на програми за равојна Општина Карпош за 2025 година, донесен на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/5**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21), Советот на Општина Карпош на 56. седница, одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2025 ГОДИНА

Согласно потребите од областа на Екологијата и Енергетската ефикасност се утврдува превземање на одредени активности со цел подобрување на условите на јавното осветлување во општина Карпош и тоа:

1. Развојна програма – **Поставување на лед светилки на целата територија–програма ЈАА**

Секторот за екологија и енергетска ефикасност преку изработка и имплементација на квалитетна и издржана програма за 2025 година ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животната средина, Законот за енергетика, Законот за енергетска ефикасност, Националните стратегии за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија и усвоените програми од Советот на Општина Карпош (ЛЕАП, Програма за ЕЕ), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина.
Програмата предвидува и реализација на мерките и обврските за енергетска ефикасност кои Општината Карпош ги потпиша и се обврза за нивно спроведување во Конвенцијата на Градоначалници на Европски Градови и Општини.

1.1 Замена на постоечките светилки со штедливи ЛЕД светилки на целата територија на општина Карпош

Со реализацијата на оваа активност се предвидува да се заменат 100% од вкупниот број на натриумови светилки со нови ЛЕД светилки од 35W. Исто така ќе бидат заменети натриумови светилки во дворните места на училиштата, додека рефлекторите од 400W инсталирани на спортските и детските игралишта се веќе комплетно заменети со ЛЕД светилки од 150W (вкупно 144).

Очекуваните заштеди на годишно ниво се 60-90% од сегашната инсталирана снага на заменетите светилки и заштеда во денари од 23,120,176.00 до 34,876,199.00.

Реализацијата на оваа активност треба да донесе повеќе бенефити за општината, меѓу кои и следните:

- Помала потрошувачка на електрична енергија и средства за јавно осветлување ефикасен систем и функционирање на мрежата без дефекти на улиците и јавните површини за граѓаните.
- Ефикасно јавно осветлување, односно осветлени сите јавни содржини и површини со минимална потрошувачка на електрична енергија
- Мониторинг и управување со потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување и спортски и детски игралишта
- Со реализација на овој проект се отвара простор во наредниот временски период целосно да се реши проблемот со функционирањето на јавното осветлување во општината, мониторинг и управување со потрошувачката на електрична енергија за улично осветлување, спортски и детски игралишта на вкупно 157 мерни места. За таа цел ќе бидат поставени нови командни ормари со софистициран управувачки систем,нови ЛЕД светилки како и ново ожичување во самите столбови.
- Исправна инсталација за јавно осветлување на целата територија на Општината Карпош

Вкупната вредност на овој проект се планира да изнесува **100.000.000,00** денари

Поради големиот обем и висината на потребните финансиски средствата кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, реконструкција на јавното осветлување во Општина Карпош се реализираше во фази. Реализирани се двете поединечни фази во вкупен износ од **63.000.000,00** денари, останува за реализација третата фаза во 2025 година се планира промена на светилки во износ од **37.000.000,00** денари.

Почетокот на имплементација на овој проект се предвидува од 15.12.2023 година, а негово комплетно завршување се предвидува до 15.05.2025 година.

За реализација на оваа развојна програма планираните средства се од Буџетот на Општина Карпош,

Овој План на Програми за развој влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.
година.

**Број 09-7860/10** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум 14.11.2024 година** НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“**

1. Се објавува Одлука за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“, донесена на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/6**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62; член 64 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Карпош, на 56. седница, одржана на 14 ноември 2024 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“

### Член 1
Со оваа одлука се дава согласност за издавање под закуп на рекламен простор, на надземниот премин „Влајко“, во населба Влае 2, што се наоѓа на КП бр.7640, КО Ѓорче Петров 4-Влае, запишано во имотен лист бр.100797, сопственост на Општина Карпош.

### Член 2
Рекламниот простор од предметната недвижност од член 1 од оваа одлука, се простира долж надвозникот, со вкупен број од 2 (две) поставени паноа со димензии од 8x3 метри изложени од западната и источната страна на надвозникот.

### Член 3
Рекламниот простор од член 1 од оваа одлука, се издава под закуп по пат на јавен оглас со прибирање на писмени понуди.
За најповолен понудувач ќе биде избран понудувачот кој покрај предвидените услови во огласот, понудил и највисока цена за закуп на рекламниот простор.
Огласот го распишува и објавува Општина Карпош во најмалку два дневни весника.

### Член 4
Огласот за прибирање на писмени понуди за издавање под закуп на рекламниот простор, особено содржи:

- Субјект кој го распишува огласот,

- Назначување на локацијата и димензиите на рекламниот простор,
- Период за кој се издава под закуп рекламниот простор, во траење од 4 (четири) години
- Минимален износ за закуп на рекламниот простор, кој не може да изнесува помалку од 120.000,00 денари, за времетраење од 1 (една) година,
- Содржина и прилози на понудите
- Рок за поднесување на писмените понуди, кој не може да биде пократок од 10 (десет) дена, ниту подолг од 15 дена од денот на објавувањето на огласот и
- Депозит во висина од 20% од минималниот износ за годишен закуп на рекламниот простор

**Член 5**

Постапката за отварање на понудите ја врши Комисија што ја формира Градоначалникот.
Комисијата од ставот 1 од овој член, се состои од претседател и два члена.

**Член 6**

За својата работа, Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач, кој во рок од 5 (пет) дена од денот на спроведувањето на постапката го доставува до Градоначалникот на општина Карпош.
Градоначалникот во рок од 5 (пет) дена од денот на доставување на предлогот, ќе донесе одлука за избор на најповолен понудувач.

**Член 7**

Помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува договор за условите и начинот на користење и одржување на рекламниот простор.
Најповолниот понудувач има обврска да плаќа годишен надоместок за поставување на рекламен простор, согласно со склучениот договор.

**Член 8**

За поставување на рекламниот простор, Градоначалникот на Општина Карпош издава одобрение во согласнот со закон.
Трошоците во врска со одобрението од ставот 1 на овој член, паѓаат целосно на товар на најповолниот понудувач.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/11
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување Мислење на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година**

1. Се објавува Мислење на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година, донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/7**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8: член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во врска со член 7, став 1 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите,излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година, и Правилник за дополнување на Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-11297/1 од 15.10.2020 година, донесен од Министерот за образование и наука, Мислењето од Бирото за образование бр.09-10/148 од 30.10.2024 година и Барањето бр,53-7787/1 од 04.11.2024 година, Советот на Општина Карпош, на56. седница, одржана на ден 14 ноември 2024 година, донесе

## МИСЛЕЊЕ
## на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година

1. Советот на Општина Карпош дава позитивно мислење, на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје за 2024/2025 година бр.02-308 од 21.10.2024 година, и мислење од Советот на родители со бр.02-322/1 од 04.11.2024 година, со укажување истите да се изведуваат согласно предвиденото во Програмата.

2. Примерок од Мислењето да се достави до ООУ „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје.

3. Ова Мислење влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/12
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош-Скопје, донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8095/8
Датум:15.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 „Службен весник на Република Македонија бр.202/24), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и 229/20), а во врска со Барањето бр.09-4328/1 од 03.06.2024 година, Советот на Општина Карпош, на 56. седница, одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош-Скопје**

1.Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош-Скопје на начин што се разрешува Елена Јакимовска од член на училишен одбор претставник од основачот Општина Карпош, именувана со решение бр.09-4106/27 од 08.06.2021 година поради истек на мандат.

2.За преставник на Општина Карпош во Училишен одбор на општинско основно училиште „Братство“ Општина Карпош – Скопје, на предлог на Советот на Општина Карпош се именува:

- Наташа Трајчевски

3.Се задолжува Одделението за образование при Општина Карпош, да го достави ова Решение до
- ООУ „Братство“
- Разрешениот член наведен во точка 1 од ова Решение
- Именуваниот член наведен во точка 2 од ова Решение

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/13
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски“ Општина Карпош-Скопје, донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/9**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Македонија бр.202/24), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и 229/20), а во врска со Барањето бр.09-4789/1 од 25.06.2024 година, Советот на Општина Карпош, на 56. седница, одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски“ Општина Карпош-Скопје**

1.Со ова Решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски“ Општина Карпош - Скопје на начин што се разрешува Анета Ламбевска од член на училишен одбор претставник од основачот Општина Карпош, именувана со решение бр.09-760/18 од 08.02.2021 година поради истек на мандат.

2.За преставник на Општина Карпош во Училишен одбор на општинско основно училиште „Владо Тасевски“ Општина Карпош – Скопје, на предлог на Советот на Општина Карпош се именува:

- Весна Панчевска

3.Се задолжува Одделението за образование при Општина Карпош, да го достави ова Решение до
- ООУ „Владо Тасевски”
- Разрешениот член наведен во точка 1 од ова Решение
- Именуваниот член наведен во точка 2 од ова Решение

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-7860/14** ПРЕТСЕДАТЕЛ
**Датум 14.11.2024 година** НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,

Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8095/10
Датум:15.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 32, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 39, став 1, точка 8, член 40, член 41 и 43 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 23/2022 и 2/2023); член 123, став 1, точка а, член 124 и член 151 а во врска со член 124 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош на 56. седница одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања**

1. Со ова решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања за верификација, мандатни прашања, избори и именувања бр.09-7329/3 донесено на конститутивната седница на Советот на Општина Карпош одржана на 12.11.2021 година.

2.Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што точката 2 се брише и се додава нова точка 2 која гласи:
За претседател на Комисијата од точка 1 од ова решение се избира Александра Антовска, член на Советот на Општина Карпош.

За членови на Комисијата во точка 1 од ова Решение се избираат:
-Бранко Ристов
-Добрила Андоновска
-Татјана Стојановска
- Христо Саракинов
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-7860/15**
**Датум 14.11.2024 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов,с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата (екологија и енергетска ефикасност)**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата (екологија и енергетска ефикасност), донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8095/11
Датум:15.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 32, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 39, став 1, точка 8, член 40, член 41 и 43 од Статутот на Општина Карпош(„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 23/2022 и 2/2023); член 123, став 1, точка в, член 124 и член 151 а во врска со член 126 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош), Советот на Општина Карпош, на 56. седница одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата ( екологија и енергетска ефикасност )**

1.Со ова решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природа (екологија и енергетска ефикасност) бр.09-7329/8, донесено на конститутивната седница на Советот на Општина Карпош одржана на 12.11.2021 година.

2.Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што точката 2 се брише и се додава нова точка 2 која гласи:
За претседател на Комисијата од точка 1 од ова решение се избира Александар Илиески, член на Советот на Општина Карпош.

За членови на Комисијата во точка 1 од ова Решение се избираат:
-Невена Георгиевска
-Славко Митевски
-Дејан Лазаревски
- Предраг Станковски

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/16
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај, донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8095/12
Датум:15.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 32, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 39, став 1, точка 8, член 40, член 41 и 43 од Статутот на Општина Карпош(„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 23/2022 и 2/2023); член 123, став 1, точка д, член 124 и член 151, а во врска со член 128 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош, на 56. седница одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај**

1.Со ова решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај бр.09-7329/10 донесено на конститутивната седница на Советот на Општина Карпош одржана на 12.11.2021 година.

2.Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што точката 2 се брише и се додава нова точка 2 која гласи:
За членови на Комисијата во точка 1 од ова Решение се избираат:
-Адријана Јакимовска Панчевска
-Славко Митевски
-Александра Антевска
-Наталија Спировска
За Претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај се избира Предраг Станковски.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/17
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита)**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита), донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/13**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 32, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 39, став 1, точка 6, член 40, член 41 и 43 од Статутот на Општина Карпош(„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 23/2022 и 2/2023); член 123, став 1, точка ѓ, член 124 и член 151 член, а во врска со член 129 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош на 56. седница одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита)**

1. Со ова решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита) бр. 09-7329/11 донесено на првата – конститутивна седница на Советот на Општина Карпош одржана на 12.11.2021 година.

2. Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што точката 2 се брише и се додава нова точка 2 која гласи:
   За членови на Комисијата од точка 1 на ова Решение се избираат:

   - Ивана Петковска,
   - Славко Митевски,
   - Владимир Бислимовски,
   - Виолета Куновска,
   - Невена Георгиевска,
   - Предраг Станковски

За Претседател на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита) се избира Благица Цветановска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/18
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за култура**

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за култура, донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/14**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 32, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 39, став 1, точка 8, член 40, член 41 и 43 од Статутот на Општина Карпош(„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 23/2022 и 2/2023); член 123, став 1, точка е, член 124 и член 151 а во врска со член 130 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош), Советот на Општина Карпош, на 56. седница одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за култура

1.Со ова решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за култура бр.09-7329/12, донесено на конститутивната седница на Советот на Општина Карпош одржана на 12.11.2021 година.

2.Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што точката 2 се брише и се додава нова точка 2 која гласи:

За претседател на Комисијата од точка 1 од ова решение се избира Христо Саракинов, член на Советот на Општина Карпош.

За членови на Комисијата во точка 1 од ова Решение се избираат:

-Бранко Ристов

-Гордана Ивановска Велковска

-Јахји Мемедов

-Убавица Игнатоска

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/19
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов , с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување Решение за изменувањеи дополнување на Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт

1. Се објавува Решение за изменување и дополнување на Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт, донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8095/15
Датум:15.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 32, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024); член 39, став 1, точка 8, член 40, член 41 и 43 од Статутот на Општина Карпош(„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021, 23/2022 и 2/2023); член 123, став 1, точка ж, член 124 и член 151 член а во врска со член 131 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006), Советот на Општина Карпош), Советот на Општина Карпош, на 56. седница одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за изменување и дополнување на Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт**

1.Со ова решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт бр. 09-7359/13 донесено на конститутивната седница на Советот на Општина Карпош одржана на 12.11.2021 година.

2.Изменувањето и дополнувањето се врши на начин што точката 2 се брише и се додава нова точка 2 која гласи:
За претседател на Комисијата од точка 1 од ова решение се избира Дејан Лазаревски, член на Советот на Општина Карпош.

За членови на Комисијата во точка 1 од ова Решение се избираат:
-Давор Грче
-Славко Митевски
-Јахји Мемедов
- Адријана Јакимовска Панчевска

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
Датум 14.11.2024 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Скопје Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Македонија – Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Македонија – Општина Карпош, донесена на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/16**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024) и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) Советот на Општина Карпош, на 56. седница, одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

## ОДЛУКА
**за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Македонија – Општина Карпош**

**Член 1**

Се отстапува на користење на Црвениот Крст на Република Македонија – Општина Карпош објект бр.3 кој се наоѓа во дворот на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, што представува КП 2157, КО Карпош.

**Член 2**

Објектот се отстапува на користење за период од 10 (десет) години. За целиот период на користење на објектот корисникот се ослободува од плаќање на надоместок, односно предметниот објект се дава на користење без надоместок.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни работи на Општина Карпош да го изготви договорот за отстапување на правото на користење на отстапениот простор.

**Член 5**

Со објавување на оваа Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Македонија – Општина Карпош, престанува да важи Одлуката за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Македонија – Општина Карпош, донесена на деветнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 27 август 2014 година и престанува да важи Договорот за услови под кои се отстапува на користење објект бр. 03-8110/1 од 21.11.2014 година склучен врз основа на одлуката.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/21
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за печатење на книга

1. Се објавува Решение за Одлука за одобрување на финансиски средства за печатење на книга, донесено на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-8095/17
Датум:15.11.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 202/24), а во врска со Глава 2 Проектни активности, Точка 6.Еднократна финансиска поддршка од областа на образованието од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2024 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 16/23, 2/24, 5/24 и 17/24), како и Барањето бр.53-7646 од 29.10.2024 година, Советот на Општина Карпош, на 56. седница, одржана на 14 октомври .2024 година, донесе

ОДЛУКА
**за одобрување на финансиски средства за печатење на книга**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Барањето на Петар Николовски бр.53-7646 од 29.10.2024 година, за одобрување на финансиски средства за печатење на книга „Хронологија на развојот на стандардизацијата, на регулативата за енергетска ефикасност, на едукацијата и на медиумската популаризација“.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа Одлука се одобруваат средства во износ од 100.000,00 (сто илјади )денари.

**Член 3**

Финансиските средства дефинирани во членот 2 од оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/22
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за одржување концерт по повод 40 – годишнината од постоењето на група „Меморија“**

1. Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за одржување концерт по повод 40 – годишнината од постоењето на група „Меморија“, донесена на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/18**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), како и Барањето бр.55-6660/1 од 19.09.2024 година, Советот на Општина Карпош, на 56. седница, одржана на 14 ноември 2024 година, донесе

## О Д Л У К А
### за одобрување на финансиски средства за одржување концерт по повод 40 – годишнината од постоењето на група „Меморија“

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-6660/1 од 19.09.2024 година, доставено од Петар Георгиевски со која се одобруваат финансиски средства за одржување концерт по повод 40–годишнината од постоењето на група „Меморија“.

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат финансиски средства во износ од 250.000.00 ( двесте и педесет илјади) денари плус персонален данок.

**Член 3**

Финансиските средства дефинирани во членот 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со Петар Георгиевски.

**Член 5**

Се задолжува барателот до Општина Карпош да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кој во прилог ќе содржи фискални сметки или фактури.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 09-7860/23
Датум 14.11.2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ

**за објавување Одлука за за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош, донесена на педесет и шесттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 14 ноември 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/19**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 3 и 4; член 36, став 1, точка 15 и член 62, член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02, и „Службен весник на Република Македонија” бр.202/24), и член 16 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство („Службен весник на Република Македонија” бр.153/19 и 261/19), Советот на Општина Карпош, на 56. седница, одржана на 14 ноември 2024 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

**за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош

**Член 2**

За реализација на член 1 од оваа одлука се предвидуваат средства во износ до 300.000,00 (триста илјади )денари.

**Член 3**

Финансиските средства дефинирани во членот 2 од оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2024 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-7860/24**
**Датум 14.11.2024 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решението за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ - Општина Карпош - Скопје, бр.11-7245/8 од 15.11.2024 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/20**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-7245/8
Датум: 15.11.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024), а во согласност со член 118, став 4 и став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20 и бр.229/20), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
**за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош – Скопје**

1. Со ова решение се утврдува престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на ХРИСТИНА АНТОНОВСКА БОРИСОВСКА на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје, поради избор на директор во општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски Карпош “ Општина Карпош, Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Емилија Арсовска

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

**Доставено до:**
- ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ ,
- Именуваната,
- Сектор за дејности од јавен интерес и
- Архива.

Врз основа на член 50, аво врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020, 4/2021, 23/2022 и 2/2023), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување Решение за именување вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Решението за именување вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош - Скопје, бр.11-7245/9 од 15.11.2024 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8095/21**
**Датум:15.11.2024 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-7245/9
Датум: 15.11.2024 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2024,), а во согласност со член 115 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за именување директор во основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје**

1. Со ова решение за директор на ООУ„Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош , Скопје **се именува** лицето ХРИСТИНА АНТОНОСКА БОРИСОВСКА, со степен на образование VII/1, со звање дипломиран професор по математика-физика во основното образование , вработена во училиштето од редот на наставниците, на работно место наставник по математика-физика.

2. Бруто износот на платата на директорот на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош Скопје ќе биде утврден со посебно решение донесено од страна на училиштето, согласно важечките законски прописи.

3. По истекот на мандатот именуваната од точка 1 на ова Решение ќе се врати на работа во училиштето каде работела пред да биде избрана за директор, за вршење на работи кои одговараат на нејзиниот вид и степен на стручна подготовка.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а истото ќе се применува од 16.11 2024 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ООУ „Христијан Тодоровски Карпош “ Општина Карпош Скопје, до Градоначалникот на Општина Карпош на ден 14.10.2024 година достави Барање согласност за отпочнување на постапка за избор на директор на ООУ “Христијан Тодоровски Карпош“ - Општина Карпош, Скопје. На 18.10.2024 година Градоначалникот на Општина Карпош донесе Одлука за давање согласност за објавување јавен оглас за избор на директор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош, Скопје со бр.11-7245/6.
Училишниот одбор усвоил Одлука за формирање на тричлена Комисија за проверка на документите на кандидатите кои се јавиле на оглас за избор на директор бр.02-492/4 од 21.10.2024 година.

Училишниот одбор на училиштето усвоил - составил Јавен оглас за избор на директор бр.02-492/3 од 21.10.2024 година и истиот го објавил на ден 22.10..2024 година во дневните весници „Слободен печат“, “Нова Македонија“ и „Коха“.

Комисијата ја спровела законски утврдената постапка на ден 01.11.2024 година и состави Записник бр.02-508/1. Училишниот одбор на училиштето до Градоначалникот на Општина Карпош достави Предлог за именување на директор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош “ Општина Карпош Скопје бр.04-518/4 од 08.11.2024 година, изготвен врз основа на Записник од одржана седница на училиштен одбор на 08.11.2024 година.

Од доставениот предлог за избор на директор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош Скопје, чиј што составен дел е Записникот од одржаниот состанок на училишниот одбор бр.02-518/2, на ден 08.11.2024 година со почеток во 10:00 часот, училишниот одбор одржал седница на која присуствувала и советничката од Бирото за развој на образованието Габриела Дурчевска-Георгиева. Констатирано е дека единствениот пријавен кандидат за директор доставил навремена и целосна документација во законски предвидениот рок и ги исполнил сите општи и посебни услови предвидени во огласот.
Претставничката од БРО го водела интервјуто со кандидатот, дала свое видување за кандидатот по што ја напуштила седницата. Училишниот одбор спровел тајно гласање со гласачки листови, ги пребројал

гласовите, по што претседателот на училишниот одбор констатирал дека единствениот пријавен кандидат ХРИСТИНА АНТОНОСКА БОРИСОВСКА освоила 6 гласови ЗА од вкупно присутни 6 членови на училишниот одбор, врз основа на што изготвиле и доставиле до Градоначалникот на Општина Карпош Одлука за предлог кандидат за избор на директор на општинското основно училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ Општина Карпош Скопје.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 50, став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 115, став 14 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20), се одлучи како во диспозитивот на ова решение, односно лицето ХРИСТИНА АНТОНОСКА БОРИСОВСКА се избира за директор на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“, со мандат од 4 (четири) години.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил:
Емилија Арсовска
Раководител на Одделение за образование
Општина Карпош

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

**Доставено до:**

- ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ ,
- Именуваната,
- Сектор за дејности од јавен интерес/Одделение за образование
- Архива.

СОДРЖИНА

1.Решение за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2024 година во Општина Карпош - Скопје;со Решение за објавување
2.Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година;со Решение за објавување
3.Одлука за проширување на средствата за Буџетот на Општина Карпош;со Решение за објавување
4.Службена белешка за не усвојување на Предлог - Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП населба Злокуќани опфат "А" со намена В2 – здравство, КО Злокуќани, Општина Карпош, поднесено од поднесено од БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје;со Решение за објавување
5.План на Програми за развој на Општина Карпош за 2025 година;со Решение за објавување
6.Одлука за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко";со Решение за објавување
7.Мислење на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности од ООУ „Аврам Писевски ", Општина Карпош - Скопје за 2024/2025 година;со Решение за објавување
8.Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство" Општина Карпош - Скопје;со Решение за објавување
9.Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Владо Тасевски" Општина Карпош - Скопје ;со Решение за објавување
10.Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања;со Решение за објавување
11.Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на животната средина и природата ( екологија и енергетска ефикасност) ;со Решение за објавување
12.Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за комунални работи и сообраќај;со Решение за објавување

13.Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за јавни дејности (образование, социјална и детска заштита) ;со Решение за објавување
14.Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за култура;со Решение за објавување
15.Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за спорт;со Решение за објавување
16.Одлука за отстапување на користење на објект во сопственост на Општина Карпош на Црвениот Крст на Република Северна Македонија – Општина Карпош;со Решение за објавување
17.Одлука за доделување на финансиски средства за печатење на книга;со Решение за објавување
18.Одлука за одобрување на финансиски средства за одржување концерт по повод 40 – годишнината од постоењето на група „Меморија“;со Решение за објавување
19.Одлука за давање согласност за изготвување Физибилити студија за воспоставување на јавно приватно партнерство од областа на енергетската ефикасност - за одржување на јавното осветлување на територија на Општина Карпош;со Решение за објавување
20. Решение за утврдување на престанок на мандатот на вршител на должноста на директор на основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“ – Општина Карпош – Скопје
21. Решение за именување директор во основно општинско училиште „Христијан Тодоровски Карпош“, Општина Карпош – Скопје;со Решение за објавување

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Одделение за поддршка и организација на работата на Советот
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци